**ЕМБАРГО: Не е за било какво публикување пред 1 Ноември во 18:00 часот**

# Светска банка

News Release No. 2005/402/S

**Контакт**:
Денис Бошковски 02/31 17 159
dboskovski@worldbank.org

**Повеќе работни места се потребни за поддршка на растот и намалување на сиромаштијата во источна Европа и во земјите на бившиот Советски Сојуз**

Вашингтон, 1 Ноември, 2005 - Во многу земји во транзиција во Источна Европа и поранешниот  Советски Сојуз недостасуваат можности за работа, а вработувањето може да се стимулира само ако се спроведат политиките за реструктуирање на претпријатијата и бизнис климата, се вели во извештајот на Светска банка објавен денес.

Насловен како "***Зголемување на можностите за работа во Источна Европа и поранешниот Советски Сојуз***", извештајот го анализира пазарот на трудот во 27 земји во транзиција по падот на комунизмот пред петнаесетина години. Тој одговара на три клучни прашања: Како економската трансформација влијаеше на пазарот на трудот? Колкав е прогресот на земјите и кои се пречките за креирање повеќе и подобри работни места? Кои политики можат да помогнат во промовирање на формирањето на работни места?

"***Доколку бројот на вработувања не се зголеми, намалувањето на сиромаштијата во регионот може да застане, што ќе ја намали и политичката поддршка кон реформите***", предупредува Аруп Банерџи, супервизор на извештајот и менаџер на секторот за човечки развој во Светска Банка за Европа и централна Азија (ЕЦА).

"***Многу работници, отпуштени заради структурните реформи не успеаја да најдат ново вработување, а голем број други биле без работа повеќе од година или работат ниско-продуктивни работи. Во некои од новите држави членки на ЕУ, како ив о некои од новите кандидати, стапката на невработеност е двоцифрена. Во ЗНД, проблемот со вработувањето лежи во квалитетот на работата - кои се помалку продуктивни, а кои не се исплатливи***", објасни Стефано Скарпета, коавтор на извештајот и советник на трудовиот пазар и главен економист во Светска Банка, Канцеларија на Потпретседателството за човечки развој и социјална заштита.

Извештајот ин препорачува на земјите да ја поддржат инвестиционата клима на начин кој ги стимулира фирмите да инвестираат и да прават продуктивни работни места. Исто така повикува на чекори за намалување на чинењето на мобилноста на трудот, преку развојот на домашниот и хипотекарниот пазар, како и подобрен пристап кон можностите за доживотно учење.

Анализирајќи го истражувањето на повеќе од 4000 менаџери, авторите ги анализираа факторите кои ги мотивираат или демотивираат фирмите да инвестираат и вработуваат.

Економската и политичка несигурност, корупцијата, високите даноци и неефикасноста на судството се видени како клучни фактори во задушување на организациската активност.

**Посебни подрегионални препораки**
За да се креираат повеќе и подобри работни места, владите и бизнисите во подрегионите имаат потреба од следниве активности, прилагодени според посебните услови во земјите:

**Во централна и источна Европа**, мора да се работи на подобрување на инвестициската клима. Есенцијално е снижување на давачките за отпочнување со бизнис, лесно регистрирање на сопственост и зајакнување на договорот за присилна наплата. Реформите во пензискиот и системот за социјално осигурување се исто така потребни, како начин за намалување на данокот за труд.

**Во југоисточна Европа**, треба да се превземат чекори за намалување на арминистративните бариери и кратење данок на труд во согласност со реформите во пензискиот и системот за социјално осигурување. Земјите мора да спроведат институционални и регулаторни реформи за да развијат адаптибилен пазар на трудот, каде правата на работниците се ефикасно заштитени, но каде работодавачите не се прекумерно ограничени во прилагодувањето на големината и вештините на нивната работна сила.

**Во земјите од ЗНД со среден приход** (како Казахстан, Русија и Украина), безработицата е помала, но многу луѓе работат ниско продуктивна работа. Редуцирање во административните бариери е прв приоритет. Исто така, доколку се развијат програми за невработените, со цел да им се помогне на отпуштените работници, помалку луѓе ќе се стагнираат на ниско-продуктивните работи.

**Во земјите од ЗНД со низок приход**, (Кавказ и централна Азија), постојат неразвиени институции, сиромашна влада и слаба инфраструктура. Препораките за под-регионот вклучуваат континуиран развој на институциите на пазарната економија и намалување на ризиците поврзани со отворање на нови бизниси. Сиромашните земји имаат потреба од подобрување на јавната инфраструктура, селективно отстранување на непотребните царински бариери и охрабрување инвестиции во човечкиот капитал во земјоделските региони.

***"Бидејќи младите, мали приватни фирми овозможуваат работни места, владите мора да стават акцент на реформите поврзани со деловната клима. Програмите за невработените и политиката за преквалификација на работниците, сами по себе нема да бидат доволни за решавање на проблемот*** ", заклучува Скарпета.

-- ### --

*Медиумите можат да го видат материјалот пред да истекне ембаргото преку World Bank Online Media Briefing Center at: http://media.worldbank.org/secure*
*Акредитираните новинари на кои им треба лозинка, можат да ја добијат со регисрација на:http://media.worldbank.org/*

*Прегледот на извештајот и материјалите ќе бидат достапни по завршување на ембаргото на: http://www.worldbank.org/eca/laborstudy*